Рев2.бр.513/2010

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: Владимир Бабунски - претседател на советот, Зирап Лимани, д-р Милка Ристова, Светлана Трајчовска и Мирјана Радевска Стефкова - членови на советот, во правната работа на тужителот Мухамедали Бајрамовски од Куманово против тужениот Република Македонија – Министерство за правда Скопје, за надомест на штета поради неосновано изречен притвор, вредност на спорот 2.450.000,00 денари, одлучувајќи по ревизијата на тужителот изјавена преку полномошникот Авни Куртиши, адвокат од Куманово, против пресудата на Апелациониот суд Скопје ГЖ.бр.4050/09 од 15.01.2010 година, на седницата одржана на ден 17.11.2011 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Ревизијата ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА.

Пресудата на Апелациониот суд Скопје ГЖ.бр.4050/09 од 15.01.2010 година и пресудата на Основниот суд Скопје II Скопје П.бр.10933/07 од 03.12.2008 година во делот на нематеријалната штета СЕ ПРЕИНАЧУВААТ и СЕ ПРЕСУДУВА:

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот Република Македонија – Министерство за правда Скопје да му исплати на тужителот на име нематеријална штета за претрпен душевен бол поради повреда на угледот, честа, слободата и правото на личност, како резултат на неосновано лишување од слобода, за периодот од ден од 08.01.2005 година до 07.02.2005 година, уште износ од 56.000,00 денари, со законска затезна камата согласно Законот за височината на стапката на затезната камата сметано од денот на пресудувањето - 03.12.2008 година до конечната исплата, во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

Ревизијата во останатиот дел, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

# О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје II Скопје со пресуда П.бр.10933/07 од 03.12.2008 година , под точка I од изреката на пресудата, тужбеното барање на тужителот делумно го усвоил, па го задолжил тужениот да му плати на тужителот на име надомест на нематеријална штета, за претрпена душевна болка поради повреда на угледот, честа, слободата и правата на личноста поради неосновано изречен притвор, вкупен износ од 94.000,00 денари, со законска затезна камата сметано од денот на пресудувањето – 03.12.2008 година до конечната исплата како и да му ги надомести трошоците на постапката во вкупен износ од 12.677,00 денари, а се' во рок од 15 дена по приемот на пресудата. Тужбеното барање на тужителот за разликата од досудениот износ на име нематеријална штета за претрпена душевна болка во износ од 94.000,00 денари до бараниот износ од 2.450.000,00 денари, со законска затезна камата како и разликата од досудениот износ на име трошоци на постапката до побаруваниот износ, го одбил како неосновано. Под точка II од изреката на пресудата, судот со решение констатирал повлекување на тужбеното барање во делот за претрпен страв во износ од 1.000.000,00 денари и го ослободил тужителот од плаќање на судски такси.

Апелациониот суд Скопје со пресуда ГЖ.бр.4050/09 од 15.01.2010 година, жалбите на тужителот и тужениот ги одбил како неосновани, а пресудата на Основниот суд Скопје II Скопје П.бр.10933/07 од 03.12.2008 година, ја потврдил. Решението, составен дел на пресудата на Основниот суд Скопје II Скопје П.бр.10933/07 од 03.12.2008 година, како необжалено, останало неизменето.

Против оваа пресуда ревизија изјавил тужителот, поради погрешна примена на материјалното право, со предлог ревизијата да се усвои, побиваните пресуди да се преиначат на начин што тужбеното барање ќе се усвои во целост или предметот да се врати на првостепениот суд на повторно судење.

Врховниот суд на Република Македонија, по проучување на списите по предметот и наводите во ревизијата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на одредбата од член 377 став 3 од Законот за парничната постапка, најде:

Ревизијата е делумно основана.

Основан е наводот во ревизијата за погрешна примена на материјалното право.

Во редовната постапка по предметот од изведените докази меѓу другото, било утврдено дека со решение на истражен судија на Основниот суд Куманово КИ.бр.1/05 од 08.01.2005 година против тужителот одредена е мерка притвор во траење од 30 дена, сметано од 08.01.2005 година од 15 часот до 07.02.2005 година до 15 часот, поради постоење на основано сомнение дека сторил кривично дело Фалсификување на исправа од член 378 став 1 в.в. став 3, во врска со член 24 став 2 од Кривичниот Законик, согласно член 152 став 1 од Законот за кривичната постапка. Со решение на истражен судија на Основниот суд Куманово од 03.02.2005 година, а согласно член 190 став 1 од Законот за кривичната постапка укината е мерката притвор против сега тужителот. Со пресуда на Основниот суд Куманово К.бр.440/05 од 26.04.2005 огдина било одбиено обвинението спрема тужителот за кривично дело Фалсификување исправа од член 378 став 3 в.в. став 1 од Кривичниот Законик. На ден 30.01.2006 година, до Министерството за правда, тужителот поднел барање за надомест на штета поради неосновано изречена мерка притвор, по што не добил никаков одговор, односно не му е надоместена штетата која ја претрпел како последица на неосновано изречената мерка притвор, поради што тужителот го повел спорот.

Првостепениот суд спровел вештачење од вештото лице д-р Камка Пакетчиева – невропсихијатар, од кое утврдил дека тужителот претрпел нематеријална штета поради неосновано изречената мерка притвор. Имено, од исказот на вештото лице судот утврдил дека душевната болка тужителот најинтензивно ја чуствувал во времето на приведувањето и задржувањето **во притвор 27 дена,** а истата продолжила и во наредните неколку дена (реакција на адаптација) изразена преку акутно стресно растројство. Околу 5-6 дена потоа, интензитетот на ова душевно трпење е намалено со присутно чувство на обележаност од околината и пријателите. Во наредните 6 месеци душевната болка била од среден интензитет, за потоа да продолжи истата како трпење од лесен до среден интензитет, со симптоми на хронично постревматско стресно растројство. Во иднина веројатно присутните симптоми ќе намалуваат во интензитет, но нема да се изгуби сеќавањето на настаните кои од темел го промениле неговиот живот и животот на неговото семејство.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, вештачењето и повикувајќи се на член 530 став 1 точка 1, член 528 став 3 од Законот за кривичната постапка и член 189 од Законот за облигационите односи, пониските судови заклучиле дека справедлив е досудениот износ на тужителот на име надомест на нематеријална штета за претрпени душевни болки поради повреда на угледот, честа, слободата и правата на личноста во вкупен износ од 94.000,00 денари, кој би претставувал справедлив надомест за тужителот како соодветна сатисфакција за повреденото добро, имајќи ги предвид околностите на случајот, особено претрпените душевни болки, интензитетот и нивното времетраење.

Согласно член 189 став 1 од Законот за облигационите односи(„Службен весник на РМ" бр.18/2001), за претрпени физички болки, за претрпени душевни болки поради намалување на животната активност, нагрденост, повреда на угледот, честа, слободата или правата на личноста, смрт на блиско лице, како и за страв судот, ако најде дека околностите на случајот, а особено јачината на болките и стравот и нивното траење го оправдува тоа, ќе досуди справедлив паричен надомест, независно од надоместот на материјалната штета, како и во нејзиното отсуство.

Според став 2 од истиот член, при одлучувањето за барањето за надомест на нематеријална штета, како и за висината на нејзиниот надомест, судот ќе води сметка за значењето на повреденото добро и за целта за која служи тој надомест, но и за тоа со него да не им се погодува на стремежите што не се спојливи со неговата природа.

Според наоѓање на Врховниот суд на Република Македонија, вака досудениот надомест на име нематеријална штета не претставува реална сатисфакција за повреденото добро. Имајќи го во предвид фактот што тужителот е млад човек – роден 1976 година, неосудуван, со три деца, душевната болка која тужителот најинтензивно ја чуствувал во периодот на приведувањето и времетраењето на притворот, а истата продолжила и во наредните неколку дена со акутно стресно растројство, со присутно чувство на обележаност од околината, во наредните 6 месеци душевната болка била од среден интензитет, па со лесен до среден интензитет, со симптоми на хронично постревматско стресно растројство, како и во иднина симптомите иако намалени сепак ќе бидат присутни, со нарушен углед поради неоправданото лишување од слобода, Врховниот суд на Република Македонија наоѓа дека износот од 150.000,00 денари на име нематеријална штета е справедлив и е во согласност со значењето на повреденото добро. Овој суд наоѓа дека досудениот износ како во изреката на пресудата, заедно со определениот износ по овој основ од страна на пониските судови од 94.000,00 денари или вкупен износ од 150.000,00 денари претставува

реална сатисфакција за повреденото добро и е во согласност со одредбата од член 189 од Законот за облигационите односи.

Поради наведеното, следуваше согласно член 387 став 1 од Законот за парничната постапка, во овој дел ревизијата на тужителот делумно да се усвои, а пресудата на второстепениот и првостепениот суд да се преиначат на начин како во изреката на оваа пресуда.

Тужбеното барање на тужителот за разликата од досудениот до бараниот износ од 2.450.000,00 денари, на име надомест на нематеријална штета, судот го одби како неосновано од причина што бараниот износ не е реален, согласно значењето на повреденото добро и целта за која служи тој надоместок, а во смисла на одредбата од член 189 од Законот за облигационите односи.

Пресудено во Врховниот суд на Република Македонија на ден 17.11.2011 година под Рев.бр.513/2010.

Претседател на советот-судија
Владимир Бабунски с.р.

За точноста на отправокот т в р д и - секретар.

АИ